# MASTERPIECE IN CONTEMPORARY CULTURE

**Natasha Sarafova**
Faculty of Philology, “Goce Delchev” University – Štip, natasa.sarafova@ugd.edu.mk
**Borivoje Baltezarević**
Institute for Serbian Culture Priština – Leposavić, baltezb@yahoo.com.uk

**Abstract:** This paper investigates the concept of "masterpiece" within the framework of contemporary culture, analyzing how this dimension has evolved in response to changes in artistic, social, and technological landscapes. Contemporary masterpieces often reflect diverse voices and global perspectives, challenging traditional criteria for excellence and originality. By examining examples from digital media, we will explore the criteria that qualify a work as one of high artistic value today. The role of social media, globalization, and collaborative artistic forms will be addressed, highlighting the democratization of the artistic process. With a critical approach, this research aims to redefine what constitutes a masterpiece in our rapidly changing world, drawing on theories from cultural studies and artistic criticism.
**Keywords:** masterpiece, contemporary culture, digital media

# РЕМЕК - ДЕЛОТО ВО СОВРЕМЕНАТА КУЛТУРА

**Наташа Сарафова**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, natasa.sarafova@ugd.edu.mk
**Боривоје Балтезаревиќ**
Институт за српска култура Приштина – Лепосавиќ, baltezb@yahoo.com.uk

**Резиме:** Овој труд го истражува концептот на "ремек - дело" во рамките на современата култура, анализирајќи како оваа димензија се развивала во одговор на промените во уметничките, социјалните и технолошките пејзажи. Современите мајсторски дела често одразуваат различни гласови и глобални перспективи, предизвикувајќи ги традиционалните критериуми за извонредност и оригиналност. Анализирајќи примери од дигиталните медиуми, ќе ги истражиме критериумите што квалификуваат едно дело како дело со висока уметничка вредност во денешно време. Ќе ја опфатиме улогата на социјалните медиуми, глобализацијата и колаборативните уметнички форми, истакнувајќи ја демократизацијата на уметничкиот процес. Со критички пристап, ова истражување има за цел да го преопредели она што го сочинува ремек - делото во нашиот брзо менувачки свет, повикувајќи се на теории од културните студии и уметничката критика.
**Клучни зборови**: ремек – дело, современа култура, дигитални медиуми

## 1. ВОВЕД

Разгледуван во различни уметнички и академски контексти , концептот на „ремек-дело“ почнува од теоријата на уметност, филозофија и културолошки студии. Во овој вовед ќе посочиме неколку научни перспективи во самиот корен на значењето на ремек-делото, посочувајќи неколку истакнати мислители и автори преку нивните идеи. Ернст Гомбрих во „Приказната за уметноста“ (1950) ја истражува еволуцијата на терминот ремек-дело во контекст на традиционалните уметности и занаетчиство, преку етимолошката историја на зборот (од холандскиот збор *meesterstuk)* во превод „дело создадено од калфа“ , со кое треба да ја стекне уметничката титула на мајстор во еснафот. Во филозофска перспектива Иммануел Кант во „Критиката на судот“ (1770) сугерира дека преку универзална убавина а без конкретна цел уметничкото дело прераснува во ремек-дело, додека пак Фридрих Шилер „ За естетското воспитување на човекот“ (1795) прави осврт на врската помеѓу уметничкото достигнување како фактор за културно и морално издигнување на човештвото. Дело кое го добива својот префикс „ремек“ според теоријата на уметноста , постигнува културна важност, емотивен одек и техничко совршенство.Теоретичарот Артур Данто во „Трансформацијата на обичното“ (1981) тврди дека ремек-делото не се дефинира само со техничка вештина, туку и со неговата способност да пренесе значење и да го трансформира нашето разбирање на уметноста. Исто така, во културните и социјалните конструкции како што се музеите, академските тела, критичарите, на ремек-делото се гледа како на социјален конструкт. Во денешно време, поточно , во модерно време терминот е проширен во глобална смисла се со цел да се опфатат сите извонредни дела во било која област,

сликарство, литература, наука и најмногу во новите технологии. Ремек-делото може да биде опсервирано преку различни призми, психолошко влијание, културолошки контекст, техничко мајсторство, и естетска универзалност. Михај Чиксентмихаји во „Креативност: Тек и психологија на откритија и изуми“ (1996) најмногу ја истакнува интеракцијата помеѓу вештината и културната валидација и креативноста во дефиницијата на терминот ремек-дело. Еволуцијата на уметничките движења поврзани со интернетот, почнувајќи од „Net Art“ во 1990-години, преминувајќи кон „Post-Internet“ уметноста во 2000-тите, и интегрирајќи го подемот на уметнички практики инспирирани од социјалните медиуми во 2010-тит, се истакнуваат уметнички дела од автори во културата на интернетот и визуелната естетика. Во нашето истражување акцентот ќе биде ставен на дигиталните уметнички движења, и ремек-делата кои ја одбележале современата култура.
„Net Art“ во 1990-тите – првиот вистински уметнички тренд на интернет, кој ги истакнува новите креативни можности што ги нуди дигиталната мрежа.
„Post-Internet“ во 2000-тите – движење што повеќе се фокусира на искористување идеи и форми од интернетот, наместо само на создавање уметност на интернет.
2010-ти и подемот на социјалните медиуми – време кога уметниците ги користат социјални медиуми за различни форми на самопрезентација .
На почетокот на 21-от век, постојат нови трендови кои се појавуваат и наметнуваат. И тоа во три димензии, во сферата на современата уметност, најмногу истакнувајќи се преку уметници како Ед Аткинс. Неговиот стил е препознатлив и се карактеризира со анимирани секвенции чија необична единственост ги одделува од раскошот на големите филмски продукции. Тродимензионалната естетика на видео игрите инспирира се повеќе креатори , како Јан Ченг, создавајки универзуми брз почеток или крај. Многу уметнички дела стануваат автономни, нормално на среќа на гледачите кои можат да ги гледаат повторно и повторно, без да можат да ги предвидат. Таквите дела се нарекуваат генеративни, бидејќи не поттикнуваат преиспитување на улогата на кареативноста и учеството (Dominique Moulo,2021) Ремек-делата на третата индустриска револуција, оние што произлегуваат од употребата и критиката на науката и технолошките иновации, ни нудат различни толкувања на денешниот дигитален свет. Потребни се анализи на секоја креација за да да размислиме за тоа што, можеби, ја прави ремек-дело.

## 2. ДИГИТАЛНИ УМЕТНИЧКИ ДВИЖЕЊА

Net-Art (или интернет-уметност)
Опишува дела создадени во 1990-тите и раните 2000-ти кои го користат интернетот како примарен медиум. Со популаризацијата на веб-прелистувањето во 1990-тите, уметниците почнаа да ги заобиколуваат традиционалните начини на изложување во институционални уметнички простори, создавајќи интерактивни и меѓусебно поврзани искуства за гледачите. Често заменлив со терминот „нова медиумска уметност“ (или дигитална уметност), нет-арт опфаќа широк спектар на дела создадени од уметници кои користат веб-прелистувачи, кодови за развој, скрипти, пребарувачи и други онлајн алатки. Значајни уметници и колективи поврзани со ова движење се Натали Букчин, Хит Бантинг, Jodi (или jodi.org), Олиа Лијалина, Ева и Франко Матес, Еван Рот, Алексеј Шулгин и UBERMORGEN.COM. Многу од основните дела на нет-арт се архивирани и дигитално зачувани во Rhizome ArtBase, база на податоци за нова медиумска уметност, основана во 1999 година (https://www.artsy.net/gene/net-art ).
Post-Internet Art (по-интернет уметност)
Клучот за разбирањето на тоа што значи „по-интернет“ е дека, без оглед на тоа како звучи, не се сугерира дека се завршени и оставени зад нас сите оние значајни технолошки развојни настани поврзани со интернетот. Напротив. Наместо тоа, исто како што постмодернистичките уметници ги апсорбирале и адаптирале стратегиите на модернизмот—раскинување на платното, апстракција и така натаму, за нова естетска ера, пост-интернет уметниците преминале од создавање дела зависни од новитетот на Вебот, до користење на неговите алатки за решавање на други теми. И додека претходните нет-уметници често создавале дела кои постоеле исклучиво на интернет, пост-интернет генерацијата (многу од нив се „поврзани“ на интернет уште од нивното рано детство) често користејќи дигитални стратегии за создавање на објекти кои постојат во реалниот свет. Веќе постојат неколку уметници и галерии кои се тесно поврзани со пост-интернет уметноста, а кураторите имаат за цел да го објаснат начинот на кој овие уметници го одразуваат нашето ново разбирање на сликите и објектите инспирирани од бескрајно променливата култура на интернетот (What Is Post-Internet Art? Understanding the Revolutionary New Art Movement | Art for Sale | Artspace).
Social media Art (социално медиумска уметност)

Уметноста на социјалните медиуми се однесува на уметнички дела кои се создадени специјално за или споделени на платформите за социјални медиуми. Ова може да вклучува широк спектар на медиуми, вклучувајќи дигитална уметност, фотографија, графички дизајн, па дури и перформанс уметност која е документирана и споделена онлајн. Уметноста на социјалните медиуми често ги брише границите помеѓу традиционалните уметнички форми и дигиталните медиуми, бидејќи уметниците користат платформи како Инстаграм, Фејсбук и ТикТок за да го прикажат своето дело на глобална публика. Овој тип на уметност често е интерактивен и може да вклучи гледачи на нови и иновативни начини. Уметниците сега можат директно да се поврзат со колекционери, куратори и други уметници преку платформи за социјални медиуми, заобиколувајќи ги традиционалните, но, некои критичари тврдат дека социјалните медиуми довеле до хомогенизација на уметноста, бидејќи уметниците создаваат дела што се прилагодени да станат вирусни, наместо да ги поместуваат границите или да предизвикуваат конвенции (Social Media Art - Definition, Examples, History & More - Digital Art and Technology Glossary - jerwoodvisualarts.org).

**3. УМЕТНИЧКОТО РЕМЕК – ДЕЛО ВО СОВРЕМЕНАТА КУЛТУРА**

Современата уметност е значително под влијание на дигиталната ера, при што технологијата ги трансформира уметничките практики, методите на изложување и вклученоста на публиката. Дигиталната сфера нуди нови можности за уметничко изразување и дистрибуција, истовремено претставува и бројни пречки и предизвици но „Еволуцијата на современата уметност е сведоштво за постојано променливата природа на човечката креативност и изразување, како што гледаме кон иднината, едно е сигурно: современата уметност ќе продолжи да се развива, одразувајќи го и обликувајќи го светот во кој живееме“ (Ujjwala Kakarla, 2024:8121). Веќе сме скоро една четвртина од 21-от век. И додека може лесно да се верува дека најважните уметнички ремек-дела се случиле во далечното минато, новиот милениум веќе роди свој удел на прекрасни уметнички дела. Во извадок од книгата „30,000 Years of Art“ на „Phaidon“, експертското око на Art Space (2019), издвојува седум уметнички дела (сметани за ремек-дела) и истакнати уметници од 21-от век, вклучувајќи ги Артур Цафа, Тистер Гејтс и Хито Штајерл. Подолу ги пренесуваме:

1.  2.  3. 

1. *Leviathan Thot* by Ernesto Neto (2006), преземено од Phaidon
2.Greifbar 36, Wolfgang Tillmans (2006), преземено од Phaidon
3. Still from *Factory of the Sun* by Hito Steyerl (2015), преземено од Phaidon

4.  5.  6. 

4. *Love is the Message, the Message is Death* by Arthur Jafa (2016), преземено Phaidon
5. *Portable City* by Yin Xiuzhen (2012), преземено Phaidon
6. *Untitled (Studio)* by Kerry James Marshall (2014), преземено Phaidon

7. 

7. 12 Ballads for Huguenot House by Theaster Gates (2012), преземено Phaidon

Критичарите на уметноста и филозофите на науката долго време се занимаваат со прашањето што го издигнува едно уметничко дело или научен експеримент на ниво на ремек-дело. Општата согласност е дека големата уметност и големата наука споделуваат три карактеристики „Првата е дека делото е толку оригинално што нè освојува со својата сила. Втората е дека го издржува тестот на времето. А третата е дека го менува начинот на кој генерации уметници или научници размислуваат за нивното поле“ (Goldstein, 2019:1), Ремек-делата во уметноста и науката се како „куки“ што ја заробуваат нашата имагинација. Додека во светот на социјалните медиум „ Иако платформите на социјалните мрежи нудат значителни придобивки, како што се подобрена поврзаност, демократизација на информациите и поддршка за социјални движења, тие исто така претставуваат значајни предизвици, како што се дезинформациите“ (Amina S. Omar & Kennedy O Ondimu, 2024:105). Според Вејн Чен, најомилените уметнички дела се поинтерактивни. Најлајкуваните и најкоментираните уметнички дела, филтрирани од „чуварите на портата“, изгледа се базираат на човечкиот инстинкт. Самоактуализацијата е најголемата движечка сила за интеракцијата на социјалните медиуми. Овие наоди фрлаат светлина врз природата на „лајковите“ и однесувањето на корисниците на Instagram при интеракција со уметност, укажувајќи каков тип на објави станува „популарен“. Неговото истражување

отвори нов пат на социјалните аспекти на уметничките дела, и ја проширува истражувачката област за интеракцијата на мобилните социјални медиуми во светот на уметноста, што е од големо значење за истражувањето на психологијата на интеракција со уметноста на социјалните мрежи и дигиталната маркетинг-комуникација. Социјалните медиуми нудат платформа не само за проучување на современата уметност, туку и за проучување на еволуцијата и динамиката на уметничката култура. Интеракцијата на социјалните медиуми има длабоко влијание врз уметничките институции и публиката, а како што медиумската технологија продолжува да се развива, искуството со уметноста и култура ќе продолжат да се менуваат (Chen, 2019).

## 4. ЗАКЛУЧОК

Концептот на „ремек-дело" претрпе значителна трансформација во современата дигитална ера. Додека традиционалните дефиниции на ремек-делото акцентирале техничка мајсторија и естетска совршеност, модерните движења како што се Net Art и Post-Internet Art ја истакнуваат улогата на технологијата и интеракцијата со публиката во дефинирањето на уметничката вредност (Гомбрих, 1950; Кант, 1770). Восхитувањето на дигиталните платформи и социјалните медиуми ја комплицираат оваа дефиниција преку нагласување на креативноста, достапноста и учеството како клучни компоненти на ремек-делото (Чен, 2019). Уметниците како Ед Аткинс и Хито Штајерл го потврдуваат начините на кои дигиталните алатки ги менуваат границите на традиционалната уметност, користејќи технологија за создавање генеративни дела кои ги вклучуваат гледачите на нови начини (Аткинс, 2021; Штајерл, 2020). Како што дигиталните технологии продолжуваат да еволуираат, самата дефиниција на мајсторството се менува, вклучувајќи елементи на алгоритамско создавање и социјална интеракција (Муло, 2021). Оваа еволуција рефлектира поширока промена во начинот на кој уметноста се создава и консумира, со гледачот кој станува важен дел од уметничкиот процес. На крај, дефиницијата на ремек-делото продолжува да се проширува како и уметноста, се прилагодува на дигиталната ера, осигурувајќи ја нејзината актуелност во современата култура.

## ЛИТЕРАТУРА

Amina, S. Omar & Kennedy, O. Ondimu, (2024), || Volume || 13 || Issue || 6 || Pages || PP 96-106 ||ISSN (e): 2319 – 1813 ISSN (p): 2319 – 1805

Artspace Editors, 2019, Art You Should Know: Seven 21st-Century Masterpieces https://www.artspace.com/magazine/art_101/expert_eye/seven-21st-century-masterpieces-you-should-know-about-55918

Chen, W. (2019), Art in the Age of Social Media: Interaction Behavior Analysis of Instagram Art Accounts, 6(4):52, DOI:10.3390/informatics6040052,LicenseCC BY 4.0

Csikszentmihalyi, M. (1996), Creativity: Flow and the Psychology of Discovery and Invention, AbeBooks

Danto, A. (1981) ,The Transfiguration of the Commonplace, Harvard University Press

Goldstein, J. L. (2019), What makes a piece of Art or Science a Masterpiece?, Elsevier Inc.

Gombrich, E. (1950), 2022, The Story of Art, Phaidon

Kakarla, U. (2024), The Evolution of Contemporary Art: A Journey Through Cultural Shifts, International Journal of Social Sciences and Humanities Invention 11(04): 8119-8122, 2024https://valleyinternational.net/index.php/theijsshi

Kant, E. (1790), In Critique of Judgment, Britanica

Moulo, D., (2021), Masterpieces of the 21st Century, Nouvelles Editions Scala, Paris / Amazon KDPISBN: 979-8-547-78536-8

Schiller, F. (1795), On the Aesthetic Education of Man , Amazon, January 1, 1980

Интернет извори :

https://www.artsy.net/gene/net-art (пристапено 14.11.2024).

Social Media Art - Definition, Examples, History & More - Digital Art and Technology Glossary - jerwoodvisualarts.org (пристапено 08.11.2024).

What Is Post-Internet Art? Understanding the Revolutionary New Art Movement | Art for Sale | Artspace (пристапено 10.11.2024).